**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 16.06.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2499/1 | | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1)
3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2025 до 31.12.2025 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 16 јуни 2026 година
5. **Предмет на надзорот:**

    - **Член 91 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (јавниот радиодифузен сервис е должен на најмалку еден телевизиски програмски сервис на македонски јазик да обезбеди не помалку од 60% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела).

    - **Правилник за европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти – пречистен текст** (Бр. 01-918/1 од 06.03.2025).

6. **Претходно изречена мерка:** нема
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на државно ниво, е констатирано дека во текот на 2025 година, ја исполни обврската од член 91 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, најмалку 60% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела.

Од доставениот Образец за европски аудиовизуелни дела и европски дела од независни продуценти (наш арх. број 03-1590/1 од 01.04.2026 година), беше констатирано дека Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје –

Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), во текот на 2025 година емитувал 82% европски аудиовизуелни дела.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***